ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ
„ПЕЛАГОНИЈА"
АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 02-402/3
06-04 2021 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 63, член 64 и член 69 став 2 и 4 од Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво – Битола – Пречистен текст -, како и членовите 65, 350, 368 и 371 став 1 и 2 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, со јавно гласање на состанокот одржан на ден 06.04.2021 година, едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за назначување на извршен член на Одбор на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, со назив извршен директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола**

**I. ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА,** со место на живеење на ул, 50-та Дивизија бр.26/1-6 во Скопје со ЕМБГ 0305973455090, дипломиран економист, државјанин на Република Северна Македонија, **СЕ НАЗНАЧУВА** за извршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола со седиште на ул. Новачки пат бр. 11 во Битола и ЕМБС 4167414, со назив извршен директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, со мандат од 4 (четири) години, сметано од денот на донесување на оваа Одлука, односно сметано од 06.04.2021 година..

**II.** На **ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА** назначена со оваа Одлука за извршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, со назив извршен директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, **И СЕ ДОВЕРУВА** застапувањето на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола во односите со трети лица во внатрешниот и надворешно трговскиот промет, **без ограничување,** за што во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија депонира свој потпис.

**III. СЕ СКЛУЧУВА** Договор за уредување на односите меѓу Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола и извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, со кој на извршниот директор му се уредуваат правата и обврските и истите ги остварува според условите утврдени во Договорот, а во согласност со Закон и Статутот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола.

**IV.** Договор за уредување на односите меѓу Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола и извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола од точка III од оваа Одлука, од името на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, го склучува претседателот на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола.

**V. СЕ ОВЛАСТУВА** извршниот член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, или Павле Цветаноски – Прокурист на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА

акционерско друштво Битола да ја потпише целокупната потребна документација за упис на назначувањето на **ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА** за извршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, сметано од донесувањето на оваа Одлука, односно сметано од 06.04.2021 година, да избере регистрационен агент и да му даде полномошно за преземање на сите дејствија за составување и поднесување на пријава и прилозите кон пријавата во Трговскиот Регистар на Република Северна Македонија, за упис на назначувањето на **ВЕСНА БЕЛЕШОВСКА БУНТЕСКА** за извршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола.

**VI.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**VII.** Примерок од Одлуката да се достави до: Регистрационен агент, Трговскиот Регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, Весна Белешовска Бунтеска, материјалите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА акционерско друштво Битола, архивата на Друштвото и други надлежни органи каде има потреба.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ:**

1. **Цветан Панделески** __________
2. **Весна Белешовска Бунтеска** __________
3. **Александар Георгиев** __________
4. **Христина Фуна** __________
5. **Анета Ѓоргиев** __________

ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" БИТОЛА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО